Република Северна Македонија
Национална установа - Центар за култура
"АЦО ШОПОВ"
Бр. 04-605/1
18.07 2025 год.
Штип

Врз основа на член 45 од Законот за адмнниcтративни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014,199/2014,48/2015,154/2015.05/2016.142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19,14/20,215/21,99/22 и 208/24), Предлогот за вработување на кандидат по јавен оглас број 396/2025 на Агенција за администрација број 10-1213/7 од 15.07.2025 со конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и член 12 став 2 алинеја 18 од Статутот на Националната установа – Центар за култура „АЦО ШОПОВ" – Штип, в.д.директорот на ден 18.07.2025 година ја донесе следната

## ОДЛ У КА
за избор на кандидат за административен службеник

1 .За работното место Советник – главен сметководител со шифра на работно место КУЛ0102В01006, се избира кандидатот Галпче Арсовска.
2.Именуваната ќе биде вработена на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на објавениот Јавен оглас бр. 396/2025 на 31.05.2025 година на интернет страницата на Агенција за администрација и во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха", Комисијата за селекција за вработување при Агенцијата за администрација формирана со Решение број 10-1213/3 од 23.06.2025 година спроведе постапка за административна селекција на административен службеник и состави Записник од извршена административна селекција за административен службеник број 10-1213/4 од 23.06.2025 година, постапка за спроведување на испит за административен службеник и состави Записник од спроведен испит за административен службеник број 10-1213/5 од 10.07.2025 година и спроведе постапка за проверка на веродосгојноста на докази и интервју за административен службеник и состави Записник од спроведена проверка на веродостојноста на докази и интревју за административен службеник број 10-1213/6 од 15.07.2025 година за работното место Советник – главен сметководител.
По спроведената постапка за проверка на веродостојност на доказите, испитот за административен службеник, интервјуто и извршеното бодирање, Комисијата за селекција за вработување изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидат по јавен оглас број 396/2025 на Агенцијата за администрација број 10-1213/7 од 15.07.2025 година врз основа на кој в.д.директорот на Национална установа – Центар за култура „АЦО ШОПОВ"-Штип се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

НУЦК „АЦО ШОПОВ" - Штип
В.Д.Директор
Пеце Ристевски

Доставено до:
-Агенција за администрација на РСМ
-Именуваната
-Архива на НУЦК „АЦО ШОПОВ" - Штип

Република Северна Македонија Национална установа - Центар за култура „АЦО ШОПОВ" Штип